Ристо КАНТАРЏИЕВ

# БОРБАТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ЗА СВОЕ НАРОДНО УЧИЛИШТЕ И ПРОСВЕТА

Во поновата историја на македонскиот народ евидентни се неговите настојувања да создаде свој организиран просветно-културен и национален живот. Длабоко национални во својата суштина овие настојувања за отворање училишта и ширење на просветата на народен јазик се инспирирани од неговите вековни стремежи и традиции, карактеристични за неговиот самобитен развиток, во борбата за својот опстанок, против духовното, културното и политичкото ропство. Појавите на македонскиот народ во борбата за свој самостоен просветно-културен и национален развиток доаѓаат особено до израз во времето од 30-те години на XIX век, кога се создаваат општествено-економски основи за неговата духовна и национална преродба.

## I

До преродбенската епоха македонскиот народ имал релативно развиен просветно-културен и духовен живот. Низ средновековието — до крајот на XVIII век и подоцна, на територијата на Македонија како духовни и културни средишта активно делувале голем број манастири. Освен Хилендарскиот, Зографскиот и Рилскиот, како средишта на црковно-словенската просвета и духовната пробуда мошне важна улога играле манастирите: Св. Наум, Св. Архангел Гаврил Лесновски, Св, Прохор Пчински, Св. Јован Осоговски, Св. Јован Ветерски, Трескавец, Слепче, Св. Јован Бигорски, Кичевска Пречиста, Св. Атанасие Лешочки и др. Во нив не само што се одгледувала црковната книжевна традиција, туку тие биле и места во кои постоеле ќелијни училишта, од кои се распространувала црковната просвета и образование. Секој од овие манастири претставувал речиси еден вид училишен центар за својот крај, во кој доаѓале да учат сите оние што сакале да ја усвојат црковно-словенската писменост.

Улогата на манастирите како расадници на црковната просвета и образование особено се зголемила во XVIII век. Под нивното духовно влијание во првата половина на XVIII век почнале да се отвораат училишта во нашите градови и села. Овие училишта се отворале при црквите, во црковните порти и за учители имале духовни лица. Во втората половина на XVIII век се појавуваат ќелијни училишта, кои за учители имале и световни лица, познати во науката како **приватни ќелијни училишта.**

Појавата на приватни ќелијни училишта се совпаѓа со првата фаза во формирањето на нашите градови и создавањето во нив на нашето занаетчиство. Приватната ќелија почнува да се пригодува на барањата и потребите на младото еснафство и покрај знаења од црковните науки таа им давала на учениците и знаења по сметање и некои други науки.

Приватни ќелијни училишта се појавуваат отпрвин во нашите поголеми градови, како Велес, Скопје, Прилеп, Штип и други, кои претставувале важни трговски центри. Кон крајот на XVIII век приватни ќелијни училишта имало скоро во сите наши градови. Според некои веродостојни податоци, тогаш на територијата на Македонија околу 66 градови и села имале ќелијни училишта кои претставувале важни просветни средишта.[1]) Нивниот број особено се зголемил во првата половина на XIX век. Поправо до 30-те години на минатиот век, освен некои ќелијни училишта при манастирите и црквите, други и немало. Тоа е период кога процесот на зголемувањето на градското население е сè поинтензивен, кога се создаваат основите на нашето занаетчиство и се појавува потреба за описменување на поголем број граѓани. Оваа духовна потреба на нашиот народ ја задоволуваат училиштата на приватните ќелијни учители. Тие ја играат улогата на елементарни училишта.

Напоредно со приватните ќелијни училишта, во некои наши градови во почетокот на XIX век почнуваат да се отвораат и **општи ќелијни училишта.** Нивната појава се совпаѓа со времето на формирањето на црковно-училишните општини во нашите градови. Со нивното формирање започнува процесот на организиран општествен, културен и национален живот во нашите градови. По нивна иницијатива се организираат **црковно -училишни настојателства** — општествени тела, кои раководат со просветно-училишниот живот во градовите. Тие ги отвораат училиштата, ги уредуваат и издржуваат и се грижат за нивната работа; погодуваат учители и материјално ги издржуваат, ги помагаат сиромашните ученици, ги снабдуваат училиштата со учебници и учебни помагала.

[1]. Христо Гандев, Фактори на българското възраждане, София, 1943, 31—39.

Значајна улога во формирањето на црковно-училишните настојателства и во нивната работа имаат градските еснафи, кои, благодарејќи на доходната работа во ова време, значително материјално се издигнуваат и пројавуваат сè поголем интерес за прашањата од просветно-културниот живот на својот град.

Во почетокот на XIX век општите ќелијни училишта претставуваат одделни појави, но во текот на првата половина на тој век тие постојано бројно се зголемуваат, така што во 30-те и 40-те години ги има, главно, во нашите економски најразвиени градови, а во 50-те години тие се веќе распространети скоро во сите наши градови и села и претставуваат широка мрежа на народни училишта познати под името **старовремски училишта.** Поставени врз демократска основа, во кои наставата се изведувала на македонски јазик, т.е. на локалниот говор на соодветниот крај на училиштето, општинските ќелијни училишта брзо ги потиснале манастирските, црковните и приватните ќелијни училишта и добиле општо право на граѓантсво. Во ова време тие биле единствени просветни установи за елементарно образование на нашиот народ и како такви долго време се задржале во нашиот училишен живот, а во некои градови, поради специфичните општествено-економски прилики што тогаш владееле во нив — и до крајот на XIX век.

Во почетокот на XIX век од средината на манастирските послужници се одделуваат две значајни фигури на црковно-просветниот живот — Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ. Скоро во исто време, едниот во североисточна Македонија, а другиот во Западна Македонија, тие делуваат како учители, просветители и книжевници, чии просветителски идеи ќе означат почеток на нова епоха, епоха на културно-национална преродба на македонскиот народ. Макар што и самите се манастирски воспитаници, тие се издигнуваат над чисто религиозните цели на старата црковна литература и создаваат дела што по својата содржина ќе одговараат на духот на новото време — на просветителските стремежи на народните маси. Тие своите дела ги пишуваат на жив, народен говор и како учители проповедници се ставаат во служба на народното просветување и религиозно-моралното воспитување и образование на нашиот народ. Нивните дела, широко распространети, биле основна лектира на нашиот народ и претставувале важен фактор во борбата против неговото духовно поробување и зачувување на неговиот јазик.

x x x

Со развитокот на капиталистичките односи, во условите на производствениот процес на стоковно-паричното стопанство, во првата половина на XIX век во нашите градови се извршувале

постепени општествено-економски промени, кои довеле до формирањето на една нова општествена средина — средината на нашите занаетчии и трговци, на нашето младо граѓанство, која ќе стане активен фактор во преродбата на нашиот народ.

Во 50-те и 60-те години на минатиот век македонското еснафство претставувало веќе значаен фактор не само во економските, туку и во општествените односи на нашите градови. Управата на еснафите, црковно-училишното настојателство и другите општествени работи се наоѓале во неговите раце. Се извршиле промени што биле суштествени за односот на силите во општествено-економскиот, просветно-културниот и политичкиот живот на градот.

Со економското јакнење на еснафските организации сè повеќе растело и нивното влијание во општествениот живот на градот. Сè поактивно учествувале во решавањето на општествените работи и постепено ги потиснувале чорбаџиите на заден план. Место чорбаџиите сега тие се јавувале пред месната власт како народни претставници и ги застапувале неговите права и интереси. По преземањето на училишната и црковната власт од чорбаџиите, еснафските организации заедно со трговците станале фактички претставници на целокупната месна општинска власт.

Особено е значајна улогата на еснафските организации во борбата против Цариградската патријаршија, за своја самостојна црква, во која тие не само што ја давале својата целосна материјална и морална поткрепа, туку заедно со трговците и интелигенцијата биле нејзин организатор и идеен инспиратор.

Вонредно големи се заслугите на еснафските организации за развитокот на учебното дело и просветата во Македонија. Тие се грижеле за отворањето народни училишта, за нивното уредување и издржување. Ваква дејност еснафите projавуваат уште во почетокот на XIX век. Така, во поменикот за живи и мртви на терзискиот и дебарскиот еснаф во Солун, напишан во 1817 год., меѓу другото се наспоменува дека еснафот се грижел за распространувањето на учењето, издржувал ученици и настојувал во училиштето да се предава словенски.[2])

Но освен народни училишта, еснафските организации отворале вечерни и неделни училишта за образованието на својот подмладок, основале читалишта и се грижеле и за други општествени работи што биле од интерес за народот.

Во периодот на својот економски подем еснафите оствариле значајни дела. Тие подигнале голем број цркви и манастири, им подариле на црквите и манастирите икони, камбани, иконистаси. Тоа се гледа од натписите и записите на вратите, ѕидовите, иконостасите и предметите во црквите и манастирите.

[2]. А. Шопов., Сб. Н. У. Н. К., III, стр. 65.

Нашите еснафи и трговци пројавувале интерес и за издавањето книги и учебници. Со средства на штипските, кратовските, кривопаланечките и други трговци биле отпечатени првите книги од Јоаким Крчовски — Митарства и Чудеса пресвјатија Богородици (1817 г.).

И на страниците на други книги, издадени во тоа време, наоѓаме посвета на дарителите и списоци на имињата на претплатниците и спомошниците.[3] За време на преродбата нашите занаетчии и трговци ја играле улогата на мецени во однос на писателите. Тие ја претставувале средината која најревносно ги растурала, читала, препорачувала и продавала книгите.

Воопшто, во овој период нашето граѓанство одиграло значајна, длабоко прогресивна улога во општествено-економскиот и духовниот живот на нашиот народ. Тоа создало неопходни материјални услови — материјална база за развитокот на народното учебно дело и просветата. Тоа ја овозможило појавата на првите литературни дела и книги на македонски јазик, и нивното распространување во народот; ги застапувало народните интереси пред месната власт и го организирало народот против Цариградската патријаршија. Со таквата своја општонародна, патриотска дејност, нашето граѓанство вонредно придонесло за будењето и развитокот на националните чувства и националната свест кај нашиот народ.

## II

Напоредно со буржоаскиот развиток на македонските градови, кон средината на XIX век, под влијанието на западноевропските просветителските идеи, кои проникнуваат преку соседните земји, во Македонија се појавуваат првите световни училишта со настава на народен јазик. Заинтересирано за новата, световна просвета и образованост, нашето граѓанство развива општествена иницијатива и активност за отворање на световни училишта и ширење на просветата и културата воопшто. Но тоа е и на чело на народното движење против духовната и просветната доминација на Цариградската патријаршија, за културно-национална еманципација од грцизмот. Во борбата, која нашето граѓанство и народ ја започнуваат во ова време за ослободување од вековното духовно ропство на грчките фанариоти, се раѓа и се развива нашето народно, преродбенско училиште.

Идејни носители на оваа борба и верни изразители на народните стремежи за просветно-културна и национална самостојност низ неа се нашите преродбенски учители. Од оној мал

[3]. Љубен Лапе, Одбрани четива за историјата на македонскиот народ, II, Скопје 1953, 15.

број поиздигнати просветни и културни работници што оставија трага во културната историја на нашиот народ, ние ги спомнуваме: Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Димитрија Миладинов, Рајко Жинзифов, Партенија Зографски, Константин Миладинов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев и Димитар Македонски. Како учители-просветители и општествени дејци, ослободени од влијанието на грчката култура, тие се најенергичните борци против грчкото духовенство и грчките училишта, на кои им ги спротивставуваат своите, македонски училишта, со настава на народен јазик.

Борбата против грчките училишта, грчкиот јазик и просвета, за отворање на македонски народни училишта, започнала уште во 30-те години на минатиот век. За таков почеток треба да се одбележи отворањето на првото општинско народно училиште на монахот Павел Хорват во Скопје, во 1836 или 1837 година.[4]) Со неговото отварање, односно одделување од грчко словенското училиште, скопските граѓани јасно ја изразиле својата желба да имаат свое, народно училиште, во кое нивните деца ќе учат на мајчин јазик. Училиштето било отворено во портата на црквата Св. Богородица и во него децата на скопските еснафи и трговци за првпат покрај црковни учеле и некои световни предмети (географија, историја, филозофија.[5]) Но тоа, по својот карактер, сепак било црковно училиште.

Првото наше народно училиште со световна настава било отворено 1837 година во Велес — во маалото „Прцорек", на левата страна на р. Вардар.[6]) Неговата појава е врзана за името на нашиот истакнат преродбенски учител Јордан Хаџи Константинов-Џинот, кој тука всушност ја започнал борбата за воведувањето на народниот јазик во македонските училишта. Појавата на вакво училиште во Велес не е случајна. Во првата половина на XIX век Велес го држел првото место меѓу нашите градови не само во економски, туку и во просветно-културен

[4]. Според Васил Кънчов (Град Скопие, Периодическо списание, г. XI, кн. 55—56, Средец, 1898, стр. 114) монахот Павел Хорват дошол од манастирот Св. Јован Бигорски, а според д-р Ј. Х. Васиљевиќ (Скопље и његова околина, Београд, 1930, 519) тој дошол од манастирот Хилендар, бил родум од Хрватска и затоа се викал Хорват.

[5]. Ami Boué (Intinéraines, t. I. p. 211) кој во Скопје бил во 1837 год., наспомнува дека тогаш во градот имало 3 училишта и дека во нив се предавале гоеграфија, историја и филозофија. Д-р Ј. Х. Васиљевиќ (Скопље и његова околина, Београд, 1930, 520) претпоставува дека овие предмети се предавале во училиштето на Павел Хорват.

[6]. Йордан Иванов, Българите в Македония, София, 1917, 242—243; Хр. Чочков, Град Велес. Учебното дело до революоционите борби, София, 1929, 23; Васил Кънчов, Град Скопје, стр. 118; д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928, 92.

поглед.[7]) Неговите собудени граѓани, кои имале живи трговски односи со соседните слободни земји (Србија, Грција) и биле запознати со просветните и културните придобивки на нивните народи, знаеле да ја ценат просветата и книгата и на македонски јазик. Тоа се потврдува со фактот дека во ова време во Велес имало над 150 претплатници на одделни дела печатени на македонски јазик, а некои негови граѓани имале и свои библиотеки.[8]) Освен тоа, Велес имал богати просветни и училишни традиции. Од најстаро време во него непрекинато работеле ќелијни училишта, а околу 1832 година Велес имал и јавна библиотека со значаен број книги од световно значење.[9])

Нешто подоцна — кон крајот на 1840 година, световна настава била воведена во училиштето во гр. Штип. Заемниот систем на настава во дотогашното општинско ќелијно училиште во овој град го вовел учителот Павле Грозданов, кој претходно го усвоил од Неофит Рилски во Кустендил.[10])

Во 1848 година, по покана на скопските граѓани, заемно световно училиште отворил во Скопје веќе спомнатиот наш преродбенски учител Ј. Х. Константинов-Џинот.[11]) Неговото доаѓање за учител во Скопје означува пресвртница за просветно-културниот и националниот живот на овој град. Уште во почетокот на својата учителска дејност во Скопје Џинот развил голема активност во ширењето на просветата на мајчин јазик и на унапредувањето на скопското училиште и неговото реорганизирање во духот на новата, световна образованост. Дотогаш ќелијно, училиштето при црквата Св. Богородица добило современа, модерна основа. Но тука Џинот се истакнал не само како народен учител и просветител, туку и како активен општественик и просветно-културен деец. Тој бил неуморен народен трибун и агитатор. Секогаш кога за тоа имал можност, Џинот држел пламени говори со патриотски дух и отворено истапувал против Цариградската патријаршија, фанариотското свештенство и ненародниот грчки јазик. Такви говори тој држел секоја недела и секој празник во црквата, а по богослужбата ги повикувал граѓаните да го посетат училиштето, каде неговите ученици давале театарски приредби со морално-поучна и нацио-

---

7. Д-р Ј. Х. Василевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928, 85.

8. Д-р Харалампие Поленаковиќ, Јордан Константинов-Џинот, „Нова Македонија" од 2. XI 1958 год.

9. Васил Ѓоргов, Македонскиот народ со оружје в рака ги разурна големобугарските поробувачки планови, во книгата „Сто години велешка гимназија", Титов Велес 1962, 26.

10. Йордан Иванов, Северна Македония, София 1906, 360; Петър Завоев, Град Щип, София 1943, 51.

11. Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, Скопје, — „Култура" 1965, 55.

нална содржина. Неговото училиште станало центар не само за ширење на просветата на мајчин јазик, туку и за национално будење на населението.

За време на своето кратко учителствување во Тетово во 1854 година, Ј. Х. Константинов-Џинот го вовел заемниот систем на настава и во училиштетото во овој град.[12])

Во 50-те години на минатиот век доаѓа до сè позасилена дејност за понародување на грчките училишта во градовите Прилеп, Струга, Кукуш и Охрид и за воведување на македонскиот јазик во нив. Оваа дејност ја започнува нашиот виден преродбеник Димитрија Миладинов. Чувствувајќи ја големата културна заостанатост на својот народ, тој неуморно работи на неговото просветно издигање и национално будење. Кога кон крајот на 1856 година дошол за учител во грчкото училиште во Прилеп, тој тука го реорганизирал тогашното општинско ќелијно училиште и ги убедил прилепските граѓани да воведат во него и световни науки, а наставата да се изведува на живиот народен јазик. Иако бил грчки учител, тој успеал грчкото училиште да го „зарази со славјанство", а во наставата на ќелијното училиште — „во кое понапред освен црковни други книги не се допуштале",[13]) да внесе световни содржини. За време, пак, на своето престојување во родниот град Струга во летото 1857 година Д. Миладинов го поттикнал тогашниот учител Кузман Шапкарев да го воведе македонскиот јазик во грчкото училиште.[14])

Жива дејност во ширењето писменоста на македонски јазик и просветувањето на народот Д. Миладинов развил и во Кукуш, каде што дошол за учител по покана на кукушките граѓани кон крајот на 1857 година. Заедно со својот соработник Рајко Жинзифов ги реорганизирал училиштата (заемното и класното) и внесол во нив нови наставни предмети. За првпат во кукушките училишта се чул милозвучниот мајчин јазик. Радоста на кукушаните била неизмерна што децата им учеле на прадедовскиот јазик. Нивната љубов спрема својот роден јазик била толку силна, што и мажи и жени од 20 до 25-годишна возраст, а и постари од нив, секој ден попладне оделе во училиштето и учеле црковно-словенски и македонски јазик. Училиштето станало центар за описменување, на свој мајчин јазик, на населението од целата Кукушка околија.[15])

---

12. Д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд 1928, стр. 136, заб. 4.

13. Райко Жинзифов, Димитрий и Констанин Миладинови., — Депь, № 46, од 17. XI 1862 год., Москва 14—18.

14. Д-р Ристо Кантарџиев, цит. дело, 64—65.

15. Истото, 66.

Иако Д. Миладинов многу придонесол за напредокот на народното училиште во Прилеп, тоа станало наполно световно училиште со доаѓањето за учител во овој град во 1859 година на егзалтираниот народен будител Ј. Х. Константинов-Џинот. Тој го реорганизирал училиштето, го вовел во наставата заемниот систем на учење, како и новите наставни методи и средства и го поставил на модерна основа. Неговото учителствување во Прилеп не траело долго, ни една полна година. Но и за тоа кратко време Џинот оставил длабоки траги во неговиот општествен и просветно-културен живот. Всушност, со неговото доаѓање започнала и борбата против фанариотското духовно ропство во Прилеп. Како и во Скопје, и тука секоја недела и празник Џинот држел пламени говори во патриотски дух и го бодрел народот за борба против Цариградската патријаршија и фанариотските владици. Необуздан патриот, тој смело и отворено истапувал против битолскиот владика Венедикт и неговата елинизаторска политика, со кого најпосле дошол и во јавен конфликт, поради што бил отстранет од прилепското училиште.[16]).

Движењето што се развило против грчкото свештенство и грчките училишта ги зафатило и другите македонски градови. Во Охрид, кој од сите македонски градови бил најсилно повлијаен од грцизмот, во 1859 година, во маалото „Месокастро", било отворено првото народно училиште на македонски јазик. Училиштето го отворил во својата куќа Ѓорѓи Мустрев. Тоа било приватно училиште и работело само вечерно време, „од залезот на сонцето до два часа потоа". Нешто подоцна од Мустревото училиште, на 14 февруари 1860 година, било отворено народно училиште и во маалото „Кошишта". Тоа било јавно училиште и во него, како и во Мустревото училиште, покрај црковни, децата учеле и световни предмети. И двете училишта биле масовно посетувани.[17])

Во 50-те и 60-те години световни народни училишта биле отворени и во неколку градови во источна Македонија. Во 1857 година основите на световно училиште биле поставени во Горна Џумаја и Банско. Во ова време модерно световно училиште постоело и во Разлог, кој претставувал силен просветен центар за цела своја околија. Ќелијни училишта во овие градови и во селата на нивните околии, особено во Разлошката котлина, имало и низ целиот XVIII век. Во поддржувањето на словенската писмена традиција во нив голема улога имал Рилскиот манастир и неговите метоси. Во 1858 година учителот Никола Филипов за првпат го вовел системот на заемна настава во училиштето во Банско. Тој бил образован учител и вон-

16. Истото, 68.

17. Истото, 69—72.

редно придонесувал за унапредувањето на просветата во градот.[18]) Во 1862 година, по долга борба со гркоманите, граѓаните на Неврокоп успеале да отворат македонско народно училиште. Отпрвин учител бил Тодор Ненов од Елена, а потоа Ат. Бошков од Пазарџик.[19])

Од 1859 до 1860 година во некои градови и села во Македонија биле отворени унијатско-католички училишта со настава на македонски јазик. Унијатско-католичката пропаганда, раководена од лазаристите во Солун, ја искористила борбата на македонскиот народ против Цариградската патријаршија за да го преведе во католицизам и му дозволува богослужбата во црквите да се изведува на словенски јазик, а наставата во училиштата да се држи на народен јазик. Унијатското движење зафатило широки народни маси и особено се развило во Кукушко, Дојранско, Гевгелиско, како и во градовите Енидже-Вардар и Битола. Во 1859 година градот Кукуш со целото свое население поминал во унијата, а по него и сите околни села, во кои се отвориле католички училишта. Во дојранско-кукушката епархија таа година имало 38 католички училишта. Во градот Кукуш, пак, од 5 училишта 4 биле католички, а само едно православно. Во 1859 година унијатско-католичко училиште било отворено и во Битола. Го отворила католичката секта во овој град. Тоа било добро уредено училиште, во кое наставата била бесплатна и се изведувала на мајчин јазик, а учениците добивале бесплатно и храна и облека. Во 1860 година, по примањето на унијата, граѓаните на Енидже-Вардар отвориле народно училиште, во кое „. . .пак почна да се предава Кирило-Методиевото наречие. . .“ Прв учител во него бил поп Дима.[20])

Во 1864, 1865 и 1866 година народни световни училишта биле отворени и во други македонски градови. Во 1864 година световна настава била воведена во училиштето во Крива Паланка, а во 1864/65 учебна година и во училиштето во Неготино и Кавадарци.[21])

Кон крајот на 1865 година било отворено општинско народно училиште во Битола. Училиштето било отворено по долгогодишната борба на македонските еснафи, предводени од градските првенци Димко Родев и д-р Константин Мишајков, со владиката Венедикт и гркоманите. За прв учител бил поставен Јован Жинзифов, таткото на Рајко Жинзифов. Но, по една година гркоманите успеале да го затворат училиштето. Тоа било

---

18. Д-р Иван Катарџиев, Серската област (1780—1879), Скопје 1961, 120—123.

19. Д-р Ристо Кантарџиев, цит. дело. 76.

20. Истото, 72—75.

21. Истото, 76—77.

повторно отворено во почетокот на 1870 година и за учител бил поставен Димитар Македонски, а во 1871 година учителствувал во него и Арсени Костенцев.[22])

Во 1866 година се отворило првото македонско народно училиште во Солун. Идејата за неговото отворање се родила во куќата на познатото родољубиво македонско семејство на Костадина (Динка) Држилович. Неговиот син Ѓорѓи, кој учел две години (1858—1860) во Москва, каде што национално се осознал и се задоил со просветителските идеи, по враќањето во Солун ја научил својата сестра Славка на словенско писмо. Тој го собудил кај неа националното чувство и ѝ всадил љубов да работи на будењето и просветното издигнување на својот народ, та поттикната од него и својата мајка Велика Динковица, во почетокот на 1866 година Славка отворила училишта во една соба во мајчината куќа. Првите две години училиштето било материјално издржувано од сите Држиловци, а Славка работела бесплатно. Подоцна училиштето станало народно, управувано и материјално издржувано од македонската општина и од родољубивите Македонци во Солун. Учениците биле еснафски деца, главно на шивачкиот еснаф. Отпрвин во училиштето учеле само женски, а потоа и машки деца. Учителката Славка за своето време била доста образована жена. На децата таа им предавала на мајчиниот јазик (солунско наречје). Во една дописка од Солун се истакнува дека учениците читале, пишувале, шиеле и везеле „доста напредително".[23])

Во 60-те години на XIX век световни народни училишта имало речиси во сите македонски градови. Во некои од нив (Скопје, Велес, Прилеп, Штип, Охрид, Кукуш, Солун и др.) имало по две и три вакви училишта. Додека во едни градови ќелијните училишта се заменувале со световни училишта, во други македонски градови, во кои дотогаш имало само грчки училишта, се водела огорчена борба за отворање на народни училишта со настава на македонски јазик. Така, во 1867 година се отворило првото македонско народно училиште во Ресен, а во 1869 година со полна победа се завршила долгогодишната борба против грцизмот и во неговите најупорити места во Западна Македонија — Охрид и Крушево. Во Охрид Г. Прличев го вовел мајчиниот јазик и во централните грчки училишта — заемното и класното, а во Крушево дотогашниот грчки учител Ив. Б. Шумков го отворил првото народно училиште со настава на македонски јазик.[24])

Кон крајот на 60-те и почетокот на 70- години на XIX век македонски народни училишта почнале да се отвораат и во гра-

22. Истото, 77—79.
23. Истото, 79—85.
24. Истото, 85—86.

довите на јужна Македонија, кои исто така биле силни центри на грцизмот. Во нивното будење голема улога одиграл Солун, кој станал духовен центар на македонските Словени (печатницата на Т. Синаитски, печатницата на К. Држилович, Ѓорѓи Динков — основач на македонската општина, Славка Динкова — првата македонска учителка). Под неговото духовно влијание се развила црковно-просветната борба и во гр. Воден, во кој во 1870 година се отворило првото македонско народно училиште. Прв учител бил јеромонахот Алаиј Војнов, заслужен деец за ширењето на народната просвета. Во него извесно време учителствувал и Д. Македонски.[25])

Стремежот за отварање народни училишта со настава на мајчин јазик, како израз на собуденото народносно чувство, сè повеќе, поопределено и посилно го манифестирале и други македонски градови кои уште стенкале под грчкото духовно ропство. Полн израз на такво собудено чувство за својата народност е отворањето на првите македонски народни училишта во градовите: Струмица и Дојран — 1870 година, во Серез — 1871 година и во Солун (во квартот Вардар-Капија), Петрич и Мелник — 1873 година. Дотогаш центри за ширење на грчкиот јазик, грчката образованост и култура, сите овие македонски градови станале жаришта и на македонската просвета, писменост и култура, во кои новоотворените македонски училишта играле значајна улога во борбата за духовна слобода на македонскиот народ.[26])

Во 60-те години на XIX век сè повеќе се засилува српската просветна пропаганда во Македонија и како резултат на таа засилена нејзина дејност се појавуваат световни училишта и во оние градови на северна и западна Македонија, во кои дотогаш имало само ќелијни училишта. Во западна Македонија освен училиштето во Дебар, кое станало световно во 1867 година, во 1870 година световна настава имале и училиштата во Кичево и Гостивар. Истата година световна настава била воведена и во училиштето во Кочани, а нешто подоцна — во 1871 година, со ќелијната традиција прекинало и едно од најстарите училишта во Македонија — кратовското училиште.[27])

Но, освен во градовите, од половината на XIX век световни народни училишта почнале да се отвораат и по селата. Како просветни и културни центри градовите вршеле силно влијание на својата околина. Тоа влијание сè повеќе се чувствувало во начинот на животот на околните села и наоѓало одраз во развитокот на нивниот просветен и културен живот. Движењето за нова, световна просвета и образованост, ги зафатило токму селата од околината на оние градови кои пора-

25. Истото, 87.
26. Истото, 88—89.
27. Истото, 90—91.

но се здобиле со световни училишта и се ослободиле од грчкото духовно влијание. Такво просветно-културно влијание вршеле на својата околина Скопје, Велес, Прилеп, Штип, Кукуш, Солун и други градови. Оттука и појавата на првите световни училишта во селата на нивните околини.

До крајот на 70-те години на XIX век световни народни училишта имало речиси во сите градови, а и во голем број села во Македонија. Напоредно со понародувањето на грчките училишта одел и процесот на воведувањето световна настава во ќелијните училишта. Тој процес бил нерамномерен и траел долго, особено во селата. Меѓутоа, со текот на времето, световните училишта постепено и се повеќе ги потиснувале ќелијните училишта, така што кон крајот на 60-те и почетокот на 70-те години на XIX век бројниот однос се изменил во нивна полза. И натаму постоеле ќелијни училишта, но како застарен облик на училишниот живот тие играле со поподредена улога. Световните училишта веќе се афирмирале како нови просветни институции кои повеќе им одговарале на потребите и духот на времето. Нивниот број постојано растел, а со тоа и нивното влијание во општествениот живот. До 1875, односно 1876 година, во Македонија имало околу 45 градски и околу 118 селски народни училишта, од кои голем број биле ќелијни училишта. Бројот на посочените училишта што постоеле во Македонија во ова време е секако непотполн, но и како таков достатно говори дека македонскиот народ имал активен и релативно развиен просветно-културен живот.

## III

Од средината на XIX век во Македонија почнуваат да се отвораат училишта и за повисоко образование, познати под името „главни", „класни", „прогимназијални" и др. Појавата на овој вид училишта не е случајна во развитокот на македонското школство во минатиот век. Тоа е природна последица на објективните услови, создадени со општествено-економскиот развиток и стопанскиот напредок на македонските градови во ова време и на стремежите на младото македонско граѓанство за повисока наука. Заемните (основните) училишта, кои давале само елементарно образование, не можеле веќе да ги задоволуваат нараснатите потреби на занаетчиската и трговската средина за пошироки знаења. Зголеменото производство и сè поинтензивниот развиток на општествените и економски односи — сè повеќе ја наложувале потребата за изучување посовремени науки (географија, историја, аритмика, физика, хемија и др.), кои се предавале во тогашните модерни европски училишта, а исто така и за знаеењето на странски јазици (грч-

ки, германски, француски), кои во тоа време биле неопходни во меѓународната трговска кореспонденција.

Класни, односно прогимназијални училишта во Македонија имало уште во првата половина на XIX век, но тие биле грчки, со настава на грчки јазик. Грчки или таканаречени елински класни училишта тогаш имало во Солун, Воден, Битола, Охрид, Струга, Серез, Кукуш, Прилеп и Крушево,[28] а подоцна и во други македонски градови. Овие училишта биле основани и уредени по углед на тогашните класни училишта во Грција. Во тоа време тие биле единствени училишта за повисоко образование во Македонија. Во нив продолжувале да учат оние коишто ги имале завршено заемните училишта. Тоа биле главно деца на трговската буржоазија, на кои им било неопходно знаењето на грчкиот јазик.

Елинските класни училишта биле добро уредени и имале солиден наставнички кадар кој образованието го добил во тогаш прочуените грчки училишта во Јанина, Кожани, Негуш, Солун, Атина, Цариград и др. Но, иако биле добро организирани, со широк круг на предмети што се изучувале во нив — како што констатирал рускиот научник Виктор Григорович, тие давале ограничено и еднострано образование. Главно внимание во грчките училишта се обрнувало на елинските науки, т.е. на изучувањето на старогрчкиот јазик и старогрчките писатели, а поновите науки, како математика, физика, хемија, историја, географија и др. биле запоставени.[29]) Таквиот класичен карактер на грчките училишта не одговарал веќе на потребите за посовремени знаења какви што се добивале во модерните училишта во Европа. Поради тоа нивниот углед сè повеќе опаѓал, а со тоа и нивното влијание и образовното значење на грчкиот јазик и култура, така што од средината на минатиот век тие постепено ги губат своите позиции и им ги препуштаат на македонските класни училишта.

Првото класно училиште, и тоа класно училиште од посебен вид, било отворено во 1857 година во Велес, во неговиот источен дел — Прцорек. Го отворил српскиот учител Јован Нешковиќ. Тој бил учител со факултетско образование. Филозофскиот и Правниот факултет ги завршил во Пешта, каде бил и роден. Во време на Унгарската буна тој дошол во Србија и сè до 1856 година учителствувал во различни места.[30]) Есен-

---

28. Н. Ив. Ванков, История на учебното дело в България, Ловеч 1903, 104.

29. Н. Ив. Ванков, История на учебното дело в България, София, 1930, 41—42; Кузман Шапкарев, Афтобиография от 1883—1884—1895, Ракопис (Семинар за југословенски книжевности при Филолошкиот факултет во Скопје, инв. бр. 100), стр. 36.

30. Според д-р Ј. Х. Васиљевић (Просветне и потичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд 1928, 95, заб. 3), Јован Нешковиќ бил наставник во приватната гимназија во Пожаревац, учителската школа во Сараево и во Кладово.

та 1857 година, по покана на источната велешка црковно-училишна општина,[31]) а по препорака на белградскиот митрополит,[32]) Нешковиќ дошол за главен учител во Велес, каде што ги поставил основите на првото класно училиште во Македонија. Училиштето имало два класа со околу 40 ученици. Во првиот клас, кој бил општообразовен, се предавале: граматика, историја, земјопис, природознание, стокознание, аритметика, германски јазик и др. А во вториот клас, покрај наведените предмети, се предавале и предмети потребни за трговија: трговски сметки, книговодство, записи, контракти, писмоводство и германски јазик,[33]) поради што училиштето го добило името „Трговска школа". Учењето на германскиот јазик се наложило од големата потреба што се чувствувала во Велес за овој јазик, бидејќи велешките трговци воделе трговија со Пешта, Виена и германските градови.[34]) Всушност, тоа не било само прво класно училиште што се отворило во Македонија, туку може да се каже и прво стручно училиште со специјална насока: да им дава на учениците основни знаења од трговските науки и да ги оспособува за современо, модерно водење на трговијата. Трговското училиште на Нешковиќ било добро организирано и покажало добри резултати.[35]) Од него излегле солидно подготвени младинци, од кои некои го продолжиле своето образование и на универзитетите во Европа.

Кон крајот на 1857 или во првата половина на 1858 година главно или класно училиште било отворено и во западниот дел на Велес. Ова училиште го отворил бугарскиот учител Ѓорѓи Икономов, родум од Дупница (Бугарија). Тој во Велес дошол по преорака на рускиот конзул Најден Геров,[36] кој во тоа време одржувал врски со некои од велешките трговци. Бил познат и како автор на неколку учебници и книги.[37]) Кога дошол за главен учител во Велес, постоеле поволни услови за отворање класно училиште и во западниот дел на градот. Тогааш

[31]. Истото, стр. 95, заб. 3.

[32]. Истото, 95.

[33]. Хр. Чочков. Град Велес. Учебното дело до революционите борби. София 1929, 24.

[34]. Д-р Ј. Х. Васиљевиħ, цит. дело, 96.

[35]. Во една дописка од Велес, објавена во „Цариградски вестник" бр. 141 од 25. VII 1859 год., меѓу другото се вели: „Велешкое наше училище сега добре успева. Главен учител е г-н Јован Нешкович, родом Сербин. Он има учение, религнозен е в нрави свои, и много е прилежателен. Ученици-те го любят, и гражданите се благодарни.

[36]. Д-р Ристо Кантарџиев, цит. дело, стр. 114, Заб. 254.

[37]. Тодор Шоптрајанов, Сто години гимназијално образование во Велес, — Скопје „Култура" 1960, 53.

западната општина достигнала извесен економски подем и била во состојба да одделува значајни материјални средства за развиток и унапредувањето на школството. Во 1857 година таа откупила место за нова училишна зграда и за нејзината изградба потрошила 1.500 до 2.000 турски лири.[38]) Ѓорѓи Икономов учителствувал во Велес до 1862 година и за тоа време училиштето добро напредувало.

Подоцна главни или класни училишта се отвориле и во други македонски градови. Во почетокот на учебната 1861/62 година класно училиште било отворено во гр. Штип. Ова училиште го отворил српскиот учител Ѓорѓи Милетиќ, кој по покана на штипските граѓани дошол од Велес, каде што извесно време бил главен учител по заминувањето на Јован Нешковиќ од овој град. Милетиќ го реорганизирал тогашното училиште во Штип и во него вовел модерна настава. Од понапредните ученици тој одделил 30 и на нив во текот на две години им предавал повисока наука.[39]) Училиштето имало два класа. Тоа наскоро станало многу п знато и во него учеле ученици и од другите градови на Македонија. Во Штип Милетиќ бил учител само две години. По неговото заминување за главен учител општината го поставила Димитар Павлов кој го завршил Груевото класно училиште во Пловдив.[40])

Во 1865 година за главен учител во Кукуш дошол Кузман Шапкарев и основал двокласно училиште.[41]) Истата, 1865 година, класно училиште веројатно било отворено и во Прилеп. Во таа година, по покана на прилепската општина,[42]) за главен учител дошол бугарскиот учител Ѓорѓи Икономов, оној ист Икономов, кој го отворил класното училиште во западниот дел на Велес. Но тој во Прилеп останал кратко време, само една година. Потоа него го заменил еден друг бугарски учител — Никола Ганчев Еничерев, за кого со сигурност се смета дека во 1866 година основал класно училиште во овој град.[43]) Тој го одвоил главното од заемното училиште и вовел нови науки. Во своите спомени за прилепското главно училиште Еничерев меѓу другото вели дека во текот на првата година на своето учителствување во Прилеп можел да сфати дека прилепските луѓе „не бараа високи науки, туку нешто практично-реално,

38. Хр. Чочков, цит. дело, 27.

39. Й. Иванов, Северна Македония, София 1906, 361.

40. Истото, 361.

41. Сп. „Читалище", 1871 г., кн. 13, стр. 412.

42. Ристо Кантарџиев, Класните училишта во Македонија. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 23 (1971 г.) стр. 96. Заб. 72.

43. Н. Г. Еничерев, Възпоминания и бележки, София, 1906, 84; Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1843—1943. Скопие, 1943, 17—18.

што ќе може веднаш да им помогне во трговијата и занаетите, затоа и училишната програма ја наредив во тој дух".[44])

Отворањето главни или класни училишта и зголемувањето класовите во нив, зависило од материјалните можности на градовите, и главно, од наоѓањето учители способни да раководат со нив. Во тоа време образовани и стручно подготвени учители сè уште биле реткост. Поради тоа тие биле многу поскапо платени од заемните учители и до нив можеле да дојдат само побогатите градски општини. Некои од нив, како велешката, прилепската, штипската, кукушката и други општини, благодарејќи на економскиот подем што го постигнале во ова време, биле во состојба да работат на унапредувањето на своите училишта и за таа цел доведувале поподготвени странски учители. Во 1860/61 учебна година во Велес се отворило трикласно училиште,[45]) а во 1870 година и четирикласно. Таа година двете велешки општини — источната и западната, се соединиле во една и образувале едно општо 10-члено училишно настојателство, кое требало да се грижи за учебното дело во градот. Истата година тоа го погодило за учител Васил Попович од Болград (Бесарабија), кој ги реорганизирал училиштата во Велес и основал четирикласно училиште.[46]) Тоа било во вистинска смисла на зборот класно училиште. Додека во другите класни училишта во Македонија во тоа време имало само по еден или најмногу по двајца класни учители, во него имало четири, за секој клас по еден. Тоа бил голем успех на велешката општина. Таа се носела дури со мисла да отвори и петкласно училиште,[47]) во кое ќе можат да се учат децата и од околните места, но поради низа причини во тоа не успеала.

Во 1870/71 учебна година кукушкото главно училиште прераснело во трикласно,[48]) а во 1872/73 учебна година прилепското главно училиште станало четирикласно.[49]) И двете училишта имале по двајца класни училети.

Освен овие, во Македонија се појавиле и други две класни училишта, кои имале поспецифичен карактер. Тоа биле педагошките училишта што ги основал истакнатиот македонски учител и педагог, заслужен деец на реформирањето и модернизирањето на народните училишта во Македонија — Јосиф А. Ковачев.

---

44. Н. Г. Еничерев, Прилепското училище 1866—1878. Во книгата: „Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1843—1943, Скопие 1943, 61.

45. Н. Ив. Венков, История на учебното дело в България, Ловеч, 1903, 116.

46. Хр. Чочков, цит. дело, 29—30.

47. Истото, 30.

48. Н. Ив. Ванков, История на учебното дело в България, Ловеч 1903, 116.

49. Сп. „Читалище", 1873, кн. 5, стр. 433.

По свршувањето на духовната академија во Киев во 1868 година, Ковачев се вратил во своето родно место Штип и тука во 1869 година[50]) основал класно училиште со специјална насока — да подготвува учители и свештеници. Тоа било првото од ваков вид училиште во Македонија. Училиштето имало два класа и во него покрај општообразовни се предавале богословски и педагошки предмети, поради што било нарачано педагошко-богословско училиште. Основајќи такво училиште, во кое учениците ќе добиваат теориска и практична педагошко-методска подготовка и ќе се оспособуваат за учители во основното училиште, Ковачев сакал да придонесе за унапредувањето на школството во Македонија и да го постави за современи, модерни основи, на какви што веќе било поставено школството во попросветените земји. Во основното училиште во Штип тој за првпат го вовел новиот, гласовен аналитичко-синтетички метод, познат тогаш под името гласовен, звучен и нагледан метод.[51]) Тука тој организирал специјални педагошко-методски курсеви за учителите што сакале да го усвојат новиот гласовен метод. За време на учителствувањето во Штип, Ковачев оспособил практично да го применуваат во наставата овој метод голем број учители не само од Македонија, туку и од Бугарија. Неговото педагошко училиште во Штип брзо се прочуло и станало расадник на новите педагошки идеи.

Успехот што го постигнало педагошкото училиште во Штип ѝ дал повод на прилепската училишна општина да го покани Ковачева да дојде за главен учител во Прилеп[52]) за да ги реформира и модернизира училиштата во нејзиниот град. Ковачев ја прифатил поканата и во почетокот на 1874/75 учебна година дошол во Прилеп.[53])

Богатото искуство што го здобил во тригодишната плодотворна реформаторска педагошка дејност во Штип, Ковачев го применил и во реформирањето на училиштата во Прилеп и осовременувањето на наставата во нив. По негово настојување просториите во основното училиште биле приспособени (преградени на помали — за секое одделение и клас по една) за изведување на одделенско-часовен и предметен систем на настава. Ковачев изработил нови наставни планови и програми, внесол во училиштето нов мебел, а во наставата вовел нови наставни средства и учебни помагала. Тука тој прв го применил во нас-

---

[50]. Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, Скопје — „Култура" 1965, стр. 116. Заб. 263.

[51]. Ристо Кантарџиев, Првиот буквар изработен по гласовната аналитичко-синтетичка метода во Македонија (1875 година). — Просветно дело, (Скопје), 1966, бр. 5—6, стр. 283.

[52]. Ристо Кантарџиев, Јосиф Ковачев — основач на првите педагошки училишта во Македонија, — Просветно дело, бр. 1—2, 1966, стр. 38, заб. 34.

[53]. Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1843—1943, Скопие 1943, 57.

тавата новиот, гласовен аналитичко-синтетички метод.[54] Училиштата биле од основа реформирани и добиле современа физиономија. Ковачев го реорганизирал и класното училиште и го приспособил на барањата на општината — да подготвува учители, за кои се чувствувала голема потреба во прилепските села, како и во селата на западна и југозападна Македонија. Како и во штипското, и во прилепското класно училиште предност имале богословските и педагошките предмети, особено методиката на основната настава. Класното училиште во Прилеп имало четири класа и претставувало еден вид семинарија во која учениците добивале средно заокружено образование и се подготвувале за учители.[55])

Во текот на својата тригодишна учителска дејност во Прилеп Ковачев извонредно придонесол за напредокот на училиштата и оспособил голем број модерни учители, кои се распрснале по прилепските села, ширејќи го духот на новото училиште и новите педагошки идеи.

## IV

Својата функција како вистинска народна просвета институција, како средство и орган за националната преродба на македонскиот народ, за неговиот активен просветен и културен живот, новото училиште ќе можеше да ја изврши доколку и наставата во него ќе се изведуваше на народниот јазик. Затоа во времето, кога се појавија кај нас световните училишта, само по себе се наметна и прашањето за воведување на народниот јазик во нив и изведување на наставата по учебници составени на тој јазик.

Оваа неопходна општествена потреба — македонските деца во своите училишта да учат од учебници напишани на мајчиниот јазик, ја задоволуваат учебниците на македонските учебникари (Партенија Зографски, Кузман Шапкарев, Димитар Македонски, Ѓорѓи Пулевски, Јосиф Ковачев и др.), кои во 60-те и 70-те години на XIX век биле мошне раширени во училиштата во Македонија. Нивната појава не е случајна. Напротив, таа е резултат на движењето кое во ова време сè повеќе се развива за воведување македонски учебници во македонските училишта. Ова движење има своја општествена основа и е непосреден израз на настроенијата и стремежите на тогашното наше праѓанство за самостоен просветно-културен развиток. Тоа се јавува како опозиција против воведувањето бугарски учебници и книги и бугарски јазик во македонските училишта. Бугарските учебници — поради јазикот, биле тешки и неразбирливи за македонските деца. Тоа го увидуваат нашите учебникари и тоа

[54]. Истото, 58.
[55]. Истото, 58.

е она што ги поттикнува да состават специјални учебници за македонските училишта. Но, издавајќи ги своите учебници, тие не само што сакале на македонските деца да им овозможат да учат на разбирлив јазик, туку и да укажат на тоа дека во своите училишта тие треба да учат пред сè на својот народен јазик. Тоа е нивната основна цел, која сосема определено и јасно се содржи во искажаната мисла од П. Зографски во неговото Началное учение: „Учи напред книга на свой-от язик, после, ако имаш време, учи и на други языци."[56]) А исто така и во предговорот кон Големата читанка на К. Шапкарев: „... младенчинята са още много крехки, та не можат да приемат и да слевят некоя друга по-твьрда и по-далечна храна, освен най-ближното млеко на естественната си и домашна дойница."[57])

Воведувањето македонски учебници во нашите училишта е појава од извонредно културно и историско значење за македонскиот народ. Тоа претставува пресврт во работата на македонските училишта и во натамошниот развиток на македонската просвета. За тоа ни говори одзивот на кој наишле овие учебници кај народот. Со каква радост биле примени Партениевите учебници во Кукуш, воведени од Д. Миладинов, ни кажува неговиот помошник Рајко Жинзифов: „Родителите не можеа да се нарадуваат кога ги слушаа своите деца да им читаат од Свештената историја на Отец Партенија, кој подоцна стана владика по барање на кукушаните, и ним не им требаше да прашаат што е напишано во книгата, зашто сами го разбираат тоа што се читаше"[58]) Од една друга дописка, пак, дознаваме дека учебниците на К. Шапкарев „скоро се распрьснали по цяла южна и средня Македония и за малко време се исчерпили, та станала нужда и за второ тяхно издание. Те направили цял превват в ония места на областта в които до тогава в училищата им владеел гьрцкий език."[59])

Каков интерес постоел за Шапкаревите учебници, може да се заклучи и од бројот на „спомоществователите" што ги имале тие. На пример, во книгата Наржчный Св. Посланичник, Цариград, 1870, на стр. 134—144, е даден список „На Родолюбивыѣ спомоществователи за Евангелскый-тъ и Апостолскый-тъ Сборници", според кој за овие книги имало 1.270 „спомоществователи", и тоа: Кукуш — 465, околните села — 57, каза Карадаг — 153, каза гевгелиска — 82, Охрид — 124, Паланка Струга — 30, околните села — 47, Ресен — 18, Битола — 51, Прилеп — 6, Кавадарци — 25, Вагаша — 19, Неготино — 12, с. Прждево — 6, Штип — 21, с. Миравци — 2, Дојран — 12,

---

56. Партенія Зографски, Начелное оученіе, Цариград — Галата. 1858, стр. 33, бр. 23.

57. Кузман Шапкарев, Голѣма българска читанка, стр. 3.

58. „Българска илюстрация", 1880, кн. 8, стр. 21, (Превод од руски јазик).

59. „Илюстрация Свѣтлина", јули 1898 год., кн. 7, стр. 2.

с. Порој Долни — 12, с. Порој Горни — 18, Сер — 20, Солун (и селата) — 16, округ воденски — 74.

Но, не само Шапкаревите, туку и учебниците на другите македонски учебникари наидувале на есрден прием кај нашиот народ. Ќе спомнеме патем дека од книгата Священна исторія (1867 г.) на Д. Македонски биле откупени 1.440 примероци.[60]) Тоа е навистина импонзантен број претплатници што можела да го има една книга во тоа време.

Додека учебниците на македонските учебникари наидувале на ваков извонреден одзив кај нашиот народ, бугарските учебници биле без волја примени. Поради тоа уште во почетокот на 60-те години наоѓаме негодувања во тогашниот бугарски печат. Во една дописка под наслов Родолюбив съвет, објавена во „Цариградски вестник" од 1. XII 1862 год. некој Т. Ненов Мънастирский вака се обраќа до Македонците: „Моля Ви се братия Македонци! Ви ми ся чине, че с горделиво презрение глядате Вашите братия Българе и Тракийци, като им наудобревате учебните книги, а тичате с превъсходна бързина кам Сърбизма."[61]) Нешто подоцна (крајот на 60-те години) на отпор наидуваат кај Солунската македонска општина бугарските учебници што ги испратило бесплатно „Цариградското читалище". Наместо од нив, децата учеле од македонските учебници (на Д. Македонски), макар што последните морале да ги купуваат.[62]) Есента 1870 година ресенските граѓани му ги вратиле на Хр. Г. Данов тукушто пристигнатите негови учебници од Велес и ги вовеле во училиштето Шапкаревите учебници.[63]) Ваков однос

---

60. Блаже Конески, Еден учебник на Димитар Македонски. — „Нова Македонија„„ од 11 октомври 1957 год., стр. 8.

61. Цит. по Блаже Конески, Кон македонската преродба. Македонските учебници од 19 век, 16.

62. Стефан К. Салганджиев, Лични дела и спомени по възраждането на солунските и серски българи или 12-годишна жестока неравна борба с гръцката пропаганда. Пловдив, 1906, 43.

63. За тоа дознаваме од писмото на тогашниот учител во Ресен, што го испратил до книжарницата на Хр. Данов во Велес. Ова писмо под наслов „Писмо приятелско" го објави и в. „Право' од 30 ноември 1870 год., кое гласи: „Любезний ми приятелю в Велес. Ще ся почудите мислим, като видите писмото ни. Един у-л на имя Г-н Шапкаревич, когото може да познавате лично, дойде на училището за да ме посети, в същият ден ми стигнаха и книшките които ми ги испроводихте. Чрез Г-на Лазара П. Х. Стоянов. Нъ чтом ги виде, каза че не требало да ся продават в македонските училища, понеже били българско наречие; ами да земам от неговите книжки, понеже били македонско наречие. Нъ какви са неговите книги, щото едно малко дете да ся смее. При всичко това като ся противихме неколко време си отиде. Тогава отищъл при Старейшините на Града ни и казал „да ги запрат тия книжки да не ся преподават в училището." И они като прости ни казаха да ги върнем тия а на местото им донесоха ми от неговите. Това на знание ви." (Цит. по Блаже Конески, Македонските учебници од 19 век. Второ издание, стр. 68. В. и стр. 66—67).

спрема бугарските учебници и книги не е редок и во другите наши градови. Македонскиот народ, веќе национално разбуден, отворено ја пројавува својата македонска свест и бара во неговите училишта да се учи на неговиот јазик.

## V

Од 70-те години на XIX век нагло почнува да се влошува положбата на школството во Македонија. Од ова време опаѓаат занаетите и трговијата поради засилената конкуренција на странскиот капитал и постепено се подрива економската положба на македонското граѓанство — на онаа општествена средина, која беше носител на народниот развиток и на неговите стремежи. Македонските црковно-училишни општини не беа повеќе во состојба да ги издржуваат своите училишта и да се грижат за просветно-културниот живот, та постепено потпаѓаат под влијанието на пропагандите на буржоазиите на трите соседни земји — грчката, српската и бугарската, кои во ова време ја засилија својата активност во Македонија. Тие спроведоа организирана акција за однародување и асимилирање на македонскиот народ со наметнување на својот јазик преку своите училишта во Македонија.

По Руско-турската војна (1877—1878 г.) и Берлинскиот конгрес (1878 г.) Грција, Србија и Бугарија значително ги проширија своите територии и станаа непосредни гранични соседи на Македонија. Блиското соседство им овозможи на овие земји да го прошират своето политичко влијание во Македонија. Нивните национални пропаганди развија интензивна, организирана и систематска дејност за предоминација во Македонија, не бирајќи средства и методи.

Големогрчката национална пропаганда пројави отворени аспирации кон Македонија веднаш по Руско-турската војна, претендирајќи на териториите дури до Качаник и Ќустендил на север.[64]) Целта била создавање на голема Грција. Спроводници на големогрчката пропаганда во Македонија биле грчката Цариградска патријаршија со својот клер и специјално создадените за тоа организации — силогоси.[65])

Поради благонаклониот став кон Турција за време на Руско-турската војна, Цариградската патријаршија ја имала широката поддршка на турската власт во отворањето на грчки училишта и ширењето на грчката просвета во Македонија. Но таа ја имала и поддршката на грчката буржоазија, чиј експо-

---

[64]. Историја на македонскиот народ, Книга втора, Скопје 1969, 120.

[65]. Лазо Мојсов, Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција, Скопје 1954, 47.

нент била во остварувањето на нејзините националистички и шовинистички аспирации спрема Македонија. Посебна улога во тоа им припаднала на силогосите, кои имале за задача да отвораат грчки училишта и да ја шират грчката писменост и просвета во Македонија. Од нив голема активност развило и постигнало видни резултати „Друштвото за ширење на грчката писменост" во Македонија од Атина, основано во 1869 година. Финансирано од грчките трговски кругови, како и од атинската влада, ова „Друштво..." во првите седумнаесет години од своето формирање (од 1869 до 1886 г.) успеало да отвори во Македонија 846 грчки училишта со 45.870 ученици и ученички.[66]) Голема активност во ширењето на грчката писменост и просвета во Македонија развиле и Цариградскиот и Солунскиот силогос, но не заостанувале во тој поглед и силогосите во Серез, Битола, Охрид, Воден, Негуш, Костур, Крушево, Струмица, Скопје и други градови.

Освен училишта, големогрчката пропаганда во Македонија основала и голем број просветно-културни организации и друштва кои за своја цел имале кај македонското население, особено кај влашката етничка група, да ја всадат и развиваат грчката национална свест.[67]) Во тоа големогрчката пропаганда ја имала поддршката на Министерството за надворешни работи преку грчките конзулати во Солун, Серез, Битола и Скопје. Некои од македонските градови биле претворени во силни центри на грцизмот. Таков пропаганден центар за источна Македонија претставувал градот Серез. За својата активност овој грчки пропаганден центар до 1872 година добил однадвор 1.320.000 драхми.[68])

До 1879 година големогрчката проганда во Македонија, особено во нејзините јужни области, успеала да отвори голем број грчки основни училишта, а во поголемите градови (Солун, Серез, Битола и др.) прогимназии, гимназии, учителски школи и богословии. Широки размери грчката пропаганда добила во Битолскиот вилает. Во ова време таа во Битола отворила полна машка и женска гимназија, една богословија (1884), неколку основни училишта и голем број забавишта.[69])

Како резутат на активноста на грчката пропаганда во 1904 година во Македонија имало 1.375 грчки училишта, со 2.100 учители и 78.000 ученици.

Меѓутоа, во текот на времето, поради сè поголемото национално осознавање на македонскиот народ, големогрчката пропаганда сè повеќе ги губела своите позиции во Македонија. Нејзиното влијание значително опаднало и кај влашкато населе-

66. Истото, стр. 94—95, заб. 17.

67. Историја на македонскиот народ. Книга втора, Скопје 1969, 120.

68. Истото, 120.

69. Истото, 120.

ние откако во Македонија се појавила и романската пропаганда, која успеала од грчките училишта да оттргне голем број влашки деца.[70])

Од средината на XIX век во Македонија поинтензивно проникнува и српското просветно влијание. Но планомерно, организирано и со одредени тенденции српската пропаганда навлегува во Македонија кон крајот на 60-те години на минатиот век. Од ова време српската влада презема конкретни акции, настојувајќи да го прошири своето просветно и политичко влијание и да ги зацврсти своите национални позиции во Македонија. Ова таа го презема пред сè поради фактот дека и бугарската просветна пропаганда е веќе присутна и добива сè поголеми размери во Македонија. По нејзина иницијатива во 1868 година е формиран Просветен одбор и тоа со задача: да ја организира и шири српската просветна и национална пропаганда и да се грижи за отворањето на српски училишта и испраќањето на српски учители и учебници во Стара Србија и Македонија.[71]). Просветниот одбор, формиран од најугледните луѓе на тогашното српско општество, во состав: архимандрит Дучиќ — претседател, а членови професорите Панта Среќковиќ и Милош Милоевиќ, развива голема активност и го организира испраќањето во Македонија не само на српски учители, учебници, книги и различен пропаганден материјал, туку и школувањето на голем број македонски деца и младинци во училиштата во Србија.[72]) Како „благодејанци" и „питомци" на друштвото „Свети Сава" и српската влада тие во српските училишта се воспитувале во српски национален дух и по свршувањето на школувањето се враќале во Македонија како учители и свештеници и ревносно ѝ служеле на српската просветна пропаганда.[73])

За издржувањето на српските училишта и учители во Стара Србија и Македонија српската влада издвојувала од своите редовни годишни буџети големи парични средства. Значајни средства за тоа издвојувале од своите буџети и Министерството за надворешни работи и Министерството за просвета. Во времето од 1868 до 1873 година во Стара Србија и Македонија имало околу 67 училишта со настава на српски јазик.[74])

Меѓутоа, речиси сите овие училишта биле затворени, а српските учители биле принудени да се повлечат во Србија за време на Срско-турските војни од 1876 до 1878 година. Големосрпската пропаганда ја обновува својата дејност и повторно

---

70. Истото, 121.

71. Истото, 121.

71. Д-р Ристо Кантарџиев, Македонското преродбенско училиште, Скопје — „Култура" 1965, 27.

72. Истото, 28.

73. Истото, 28—29.

74. Истото, 29.

почнува да отвора српски училишта во Македонија во 80-те години на минатиот век. Во тоа време Србија е принудена да се откаже од својата активност во Босна и Херцеговина во полза на Австро-Унгарија и го свртува своето внимание кон Македонија, претендирајќи на нејзините територии сè до Лерин и Струмица.[75]) Таа ја засилува својата просветна пропаганда во Македонија и ја насочува против дејноста на големобугарската пропаганда, која во ова време успеала да постигне значајни успеси во отворањето на бугарски училишта, особено во општините кои потпаднале под јурисдикцијата на Бугарската егзархија.

Многу подобри услови за активноста на големосрпската пропаганда во Македонија биле создадени по склучувањето на конзуларната конвенција меѓу Турција и Србија. Според оваа конвенција, Србија добила право да отвори српски конзулати во Солун и Скопје во 1887, а во 1888 година и во Битола. Овие конзулати, особено во Скопје, станале центри за ширењето на српската просветна и национална пропаганда во Македонија. Во текот на 1887—1888 година во Македонија и Стара Србија биле отворени 37 српски училишта, а по една година нивниот број се зголемил на 42 училишта.[76]) Освен тоа, и пуштањето во работа на новоизградената железница меѓу Скопје и Врање, која ја засилила стоковната размена на Србија со Македонија, овозможила секојдневни контакти меѓу нив, а со тоа и уште поголем замав на активноста на српската пропаганда во Маке-

Во ова време српската влада е сè поупорна во своите на-
донија.[77])
стојувања Цариградската патријаршија во Призрен и Скопје, а и во другите градови во Македонија за владици да поставува духовни лица од српска народност, како и да ѝ се дозволи повторно да отвора српски училишта и да создава српски црковно-училишни општини. Бидејќи Србија немала свои национални цркви во Македонија, како грчката и бугарската пропаганда, таа, според турскиот закон, немала право да отвора свои училишта и општини. Затоа целокупната нејзина пропагандна активност во ширењето мрежата на српски училишта во Македонија се потпирала врз помошта на Грчката патријаршија во Цариград. Меѓутоа, изгледите за остварувањето целите на големосрпската просветна и национална пропаганда во Македонија биле мошне ограничени и тоа поради мошне претпазливата поддршка од страна на Цариградската патријаршија, која имала свои интереси во Македонија, а и поради отпорот на мнозинството на македонскиот народ спрема Патријаршијата, која со векови го држала во духовно ропство.[78])

---

75. Историја на македонскиот народ. Книга втора. Скопје 1969. 122.
76. Истото, 123.
77. Истото, 123.
78. Истото, 123—124.

Големосрпската пропаганда се обидела и со примената на други средства да го прошири своето влијание во Македонија. За да го придобие македонскиот народ за себе и за својата просветна и национална политика, таа во 1889 година во Цариград отпечатила буквар, а во 1890 година и читанка — наменети за училиштата во Македонија, во кои 2/3 од текстот бил на македонски, а 1/3 на српски јазик. Но брзо сфатила дека со тоа само ќе придонесе за зацврстувањето на македонската култура и свест и се откажала од примената на вакви средства во својата активност.[79])

Позначајни успеси српската национална пропаганда постигнала во Македонија по својата реорганизација и откако преминала во ресорот на Министерството за надворешни работи во 1889 година. За својата активност таа во 1890 година добила 200.000, а во 1891 година 300.000 динари. Центарот на српската пропаганда бил преместен од Цариград во Скопје и српските конзули во Македонија добиле конкретна задача: да ги застапуваат интересите на српските поданици и да се грижат за црковно-училишните работи во реоните на своите конзулати.[80])

Во периодот до Балканските војни (1912/1913 г.) постојано растел бројот на српските училишта во Македонија. Во учебната 1901/1902 година српски училишта имало: во Битолскиот вилает 42 училишта (од кои една неполна машка и една неполна женска гимназија во Битола), во Солунскиот вилает 22 училишта (од кои две граѓански училишта, една полна гимназија и едно више женско училиште во Солун), во Скопската епархија 98 училишта (од кои две граѓански училишта, една неполна гимназија и едно машко учителско училиште во Скопје) и во Велешката каза 14 училишта. Во учебната 1906/1907 година во 246 места во Македонија работеле вкупно 303 училишта (од кои околу 10 средни училишта).

По својот опсег и резултатите што ги постигнала во Македонија најсилна била големобугарската национална пропаганда. Бугарското просветно влијание проникнува во Македонија по Кримската војна (1853/54 — 1856), во времето на црковните борби против Цариградската патријаршија, за ослободување од фанариотското духовно и економско ропство, за создавање на своја самостојна црква. Оттогаш имено гледаме поинтензивно влијание на бугарската просветна пропаганда во Македонија. Меѓутоа, бугарското просветно влијание особено се засилува во Македонија по формирањето на Бугарската езгархија — бугарската национална црква во 1870 година, кога добило поорганизиран, систематски и плански карактер. Во времето до основањето на бугарската држава (1878) Бугарската егзархија по-

79. Истото, 124.

80. Истото, 124.

степено ја засилува својата активност, особено во епархиите што потпадналe под нејзина јурисдикција и спроведувала таква просветна политика, која била инспирирана од експанзионистичките стремежи и аспирациите на бугарската буржоазија спрема Македонија. По основањето на Бугарското кнежевство Егзархијата наполно потпаднала под контролата на бугарската влада и станала нејзин експонент во спроведувањето на големобугарската национална политика во Македонија.

Санстефанскиот мировен договор меѓу Русија и Турција во 1878 година, иако бил со краток век, бугарската влада го сметала за појдовна основа во остварувањето на својата идна политика спрема Македонија.

Уште во времето на кнез Александар Батемберг бугарската влада донела конкретен план за организирана бугарска национална пропаганда во Македонија. Според овој план „во Македонија треба да се создадат услови секој Македонец да се проникне од мислата дека во Софија се грижат за неговата судбина, за неговата сегашност и иднина. Мало и големо да знае дека е од бугарска крв и да се гордее со тоа. За остварување на оваа цел да се отвораат училишта во најшироки размери во кои учениците ќе се воспитуваат во бугарски национален дух со помошта на бугарската историја и на бугарски јазик".

Во спроведувањето на просветната и националната политика во Македонија Егзархијата исклучиво се раководела од програмските документи на бугарската влада, чиј орган таа всушност и била. Во нејзина надлежност било создавањето на црковно-училишни општини, назначувањето учители и професори, поставувањето претседатели на црковно-училишни општини, училишни инспектори и други лица и нивното издржување. Посебна грижа Егзархијата водела за наставните содржини што се предавале во училиштата, особено од националните предмети, воведувањето на бугарски јазик и бугарски учебници во училиштата. Спроведувајќи таква просветна политика Егзархијата настојувала да создаде широка основа за денационализирањето и асимилирањето на македонскиот народ.

За реализирањето целите на бугарската национална политика во Македонија бугарската влада ѝ доделувала на Егзархијата значајни средства. За 1881 година тие изнесувале 100.000 лева, за 1885 година заедно за Македонија и Одринско 574.874 лева, а за 1890 година дури 5.500.000 франкови.[81]) Користејќи ги овие и други средства, Егзархијата успеала да обнови голем број црковно-училишни општини и училишта во Македонија, кои за време на Руско-турската војна биле затворени, да отвори прогимназии во повеќе македонски градови, машка и женска гимназија во Солун, паралелки за учители при Солунската и Битолската гимназија и учителски училишта во Серез и Скоп-

[81]. Истото, 126.

је.[82]) Според една статистика, во 1886 година во Македонија имало 306 егзархиски училишта, а во 1888/89 учебна година нивниот број се зголемил на 518 основни и 63 класни училишта. Во 1884 година Егзархијата отворила и своја богословија во Прилеп, која по една година ја преместила во Одрин.[83])

Преку дејноста на Егзархијата, на која и била потчинета целокупната црковно-училишна мрежа, директорите на гимназиите и на учителските училишта, претседателите на црковно-училишните општини, училишните инспектори на основните училшта и други лица, бугарската влада ги спроведувала плановите за остварувањето на своите „национални идеали" — приклучувањето на Македонија кон Бугарија.

Интензивирајќи ја својата дејност, големобугарската пропаганда и натаму постигнувала значајни успеси во ширењето мрежата на основните училишта, прогимназиите и средните училишта во Македонија. Веќе во 1894/95 учебна година бројот на бугарските училишта во Македонија се зголемил на 557 основни училишта со 808 учители и 30.314 ученици, а во учебната 1911/12 година на 1.132 основни и класни училишта со 1.776 учители и 63.763 ученици. Во истата година работеле 11 бугарски гимназии со 108 професори и 1.700 ученици.

## VI.

Отпор против дејноста на странските пропаганди во Македонија, за зачувување на својот јазик, култура и националниот индивидуалитет, македонскиот народ пројави уште во 50-те и 60-те години на минатиот век. Овој отпор дојде до израз пред сè во борбите против Цариградската патријаршија, против грчките училишта, грчкиот јазик и просвета, за отворање македонски народни училишта. Но, исто така, и против бугарската пропаганда, која во 60-те и особено во 70-те години поинтензивно проникнува и настојува да го отстрани влијанието на српската пропаганда и да ги зацврсти своите позиции во Македонија. Од ова време во Македонија сè повеќе расте опозиција против воведувањето на бугарскиот јазик и бугарски учебници во маекдонските училишта. Непосреден израз на оваа опозиција е појавата на македонските учебници. Меѓутоа, најголеми противници на проникнувањето на бугарскиот литературен јазик во Македонија биле македонистите. Нивното движење било прилично развиено во 60-те и 70-те години на минатиот век. За неговиот опсег и тенденциите на неговиот развиток ние дознавме и од една статија на П. Р. Славејков, објавена во

---

[82]. Истото, 126—127.

[83]. Истото, 127.

в. „Македония" под наслов „Македонский Въпрос".[84]) Во неа тој фрла извесна светлина на погледите на македонистите, кои биле од суштествено значање за самостојниот национален развиток на македонскиот народ, а се однесувале за литературниот јазик, учебниците, македонскиот народ како нација и др. На нивното движење Славејков гледал многу посериозно одошто некои бугарски весници, кај кои постоела тенденција тоа да се претстави како работа само на „частни некои лица". „Тъй и мисляхми ний до преди една две години — вели во споменатата статија Славејков — когато нови разговори с някои Македонци ни показаха, че работата не е само голи думи, но мисъл, която мнозина искат да прекарат в животът".[85])

Идеите на македонистите го изразуваа она што се беше веќе зародило кај нашиот народ, кој преку нив најопределено го манифестираше својот стремеж за самостоен национален развиток. Најнепосреден, пак, изразител на неговите стремежи беше македонистот Ѓорѓи Пулевски. Во својата книга „Речник од три јазика", во која говори за границите на Македонија, за градиштата и панаѓурите, за племенските и говорните разлики кај македонскиот народ, Пулевски ги изнесува и основните белези што него го карактеризираат како народ. На прашањето: „Што се велит народ"? — тој одговара: „Народ се велит луѓи који се од еден род и који зборуваjет еднаков збор, и који живуваjет и се другарат еден со други и који имаjет еднакви обичаји и песни и веселја, тије лудите ги викаjет народ и место во које живуват народ се велит отечество на тои народ. Така и Македонциве се народ и местово нивно е Македонија".

Борбата на македонскиот народ за зачувување на својот самостоен национален развиток, на својот национанален индивидуалитет ќе продолжи и ќе добие свој одреден и конкретен израз и во времето на мошне тешките општествено-политички и економски услови на животот под турското господство по Српско-турската и Руско-турската војна. Појавата на македонскиот индивидуалитет во сва време ќе најде целосен израз во револуционерната дејност на напредното македонско учителство, кое по создавањето на Внатрешната македонска револуционерна организација одиграло мошне важна улога во будењето, организирањето и мобилизирањето на напредните народни сили.[86])

Во 80-те и 90-те години на XIX век македонското учителство значително бројно нараснало и претставувало значајна општествена сила. Под идејно-политичкото раководство на

84. В. „Македония", бр. 3 од 18. I 1871 год.

85. Истото.

86. Манол Пандевски, Неколку моменти од општествено-политичката и револуционерната дејност на македонските учители во периодот од создавањето на ВМРО до Илинденското востание во 1903 година. Во книгата: „Одбрани трудови" Скопје „Просветно дело", 1970, 250.

ВМРО, организирани во професионални сојузи во градовите и селата, македонските учители-револуционери биле на чело на движењето против Егзархијата и нејзината денационализаторска политика во Македонија. Тие енергично се спротивставувале на воведувањето на бугарскиот јазик во македонските училишта. Постојат бројни податоци кои јасно говорат за тоа дека не само месните учители, туку и новодојдените учители од Бугарија биле принудени во I и II одделение да држат настава на македонски јазик, зашто децата не го разбирале бугарскиот јазик.[87]) Ваква практика постоела и во класните училишта. Освен наставата по бугарски јазик, која ја изведувале бугарски учители, наставата по другите предмети во класните училишта се изведувала на македонски јазик. Егзархијата преземала остри мерки, дури применувала и санкции против месните учители за да ги натера наставата да ја изведуваат на бугарски јазик, но во тоа не успеала.

Македонските учители — револуционери развивале различни форми на просветно-културна и политичка дејност. Најраширена форма биле вечерните и неделните училишта, во кои македонската младина ја добивала првата писменост и образование, се воспитувале во револуционерен дух и се подготвувале за револуционерна борба.[88]) Во 90-те години на минатиот век неделно училиште организирал во своето родно место Смилево Даме Груев. Во учебната 1894/95 година во Штип неделно училиште за возрасни отвориле учителите Гоце Делчев, Даме Груев, Туше Деливанов и др. Есента 1896 година неделно училиште било организирано и во гр. Банско (денешна Пиринска Македонија), каде што кратко време учителствувал Гоце Делчев.[89])

Особено важна улога во идејно-политичкото воспитание на средноучилишната македонска младина одиграле ученичките револуционерни кружоци. Организирани во Солунската, Скопската и Битолската егзархиска гимназија, а и во некои класни училишта, овие кружоци вонредно придонесле за запознавањето на македонската младина со минатото на својот народ, неговите обичаи, традиции, јазик, култура. Во нив се подготвувало едно младо поколение со независен дух и погледи. Од нив произлегле такви еминентни претставници и раководители на македонското револуционерно движење, какви што се: Ѓорче Петров, Пере Тошев, Даме Груев и др., а подоцна и Христо Узунов, Лазо Поптрајков, Пандо Кљашев, Ѓорѓи Сугарев и други — истакнати македонски учители-револуционери. Во Битолската гим-

[87]. Славко Димевски, Бугарската просветна пропаганда во Македонија (1878—1903). Во книгата „Одбрани трудови", Просветно дело, 1970, 245—246.

[88]. Манол Пандовски, цит. статија, 252.

[89]. Истото, 251.

назија македонските социјалисти Никола Петров-Русински, Никола Карев и Веле Марков успеале ученичкиот кружок да го потчинат под свое непосредно влијание.[90])

Во 80-те и 90-те години на минатиот век и нашето напредно граѓанство отворено се спротивставувало на денационализаторската просветно-училишна политика на Егзархијата. Одделни македонски црковно-училишни општини (прилепската, велешката, штипската и др.) водат борба против централистичката и хегемонистичката просветна политика на Егзархијата, за заштита на својата автономија, на своите самоуправни права во раководењето на училишниот и просветно-културниот живот во своите градови.

Воопшто, антиегзархискиот отпор кон крајот на XIX и почетокот на XX век се развил во Македонија во едно цело движење и добил широки размери.

## VII

Со поделбата на Македонија по Балканските војни меѓу Србија, Грција и Бугарија, настанал период на интензивна, планска и систематска акција на денационализирањето и асимилирањето на македонскиот народ од страна на овие земји. Секоја од нив на присвоениот дел од националната територија на Македонија отворила училишта со настава на својот јазик. Македонските деца на територијата на Вардарска, Егејска и Пиринска Македонија биле принудени во училиштата да учат на туѓ — српски, грчки и бугарски јазик, а не на својот народен македонски јазик.

Во текот на Првата светска империјалистичка војна, во училиштата на окупираниот дел на Македонија од Бугарија бил воведен бугарскиот јазик. Наместо српските учители, кои биле протерани, наставата во нив ја изведувале учители од Бугарија и затечените поранешни егзархиски учители.

Денационализаторска и асимилаторска политика спрема македонскиот народ владеачките кругови на трите балкански буржоаски држави продолжија да спроведуваат и тоа со уште посилен интензитет и со сите можни средства и меѓу двете светски војни. За да се уништи секое обележје на македонската националност и да се оневозможи создавањето на самостојна македонска култура, била забранета употребата на македонскиот јазик во училиштата и во јавниот живот. Сите јавни македонски национални манифестации биле присилно задушувани. Имињата и презимињата на луѓето, имињата на населбите, географските

90. Истото, 253.

називи и др. биле променети во трите дела на Македонија. Во Грција, за време на Метаксасовата диктатура, била забранета употребата на македонскиот јазик и во куќите. Училиштата биле најефикасно средство за спроведувањето на ваквата, денационализаторска политика и затоа на ширењето на нивната мрежа било посветено посебно внимание. Веќе по завршувањето на Првата светска војна на територијата на Вардарска Македонија имало 677 српски основни училишта. Нивниот број во 1939/40 учебна година се зголемил на 843, со 98.716 учедици. Сепак голем број деца не бил опфатен со системот на основното школство, иако била прокламирана политика на четиригодишно задолжително основно образование.

И средните училишта во трите дела на Македонија буржоаските режими на балканските држави ги подредиле исклучиво на остварувањето на своите денационализаторски цели. Низ наставата на сите, а особено на националните предмети (јазик и литература, историја и географија) на македонските деца им се всадувала и развивала српска, грчка и бугарска национална свест. Македонските деца биле принудени да се запознаваат со минатото на српскиот, грчкиот и бугарскиот народ и да ги усвојуваат нивните традиции, придобивки и култура, а не на својот сопствен народ.

По Првата светска војна, во учебната 1918/19 година, на територијата на Вардарска Македонија (за која имаме податоци) српски гимназии биле отворени во следниве места: по една полна гимназија во Скопје и Битола, а неполни (нижи) во Велес, Штип, Охрид, Ресен, Куманово, Тетово, Прилеп, Гевгелија, Дојран, Крива Паланка и Кратово. Кон крајот на истата учебна година биле затворени неполните гимназии во Дојран, Крива Паланка и Кратово, а во учебната 1919/20 година неполни гимназии биле отворени во Кавадарци и Струмица. Во учебната 1920/21 во Штип, 1921/22 во Велес и во 1922/23 година во Куманово, Охрид и Прилеп неполните гимназии биле подигнати на степен на полни гимназии. Во 1925/26 учебна година била отворена и полна женска гимназија во Скопје. Бројната состојба на полните и неполните гимназии останала непроменета сè до 1929 година, кога неполните гимназии во Кавадарци, Кичево, Ресен и Струмица биле затворени, а полните гимназии во Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип биле сведени на неполни гимназии. Во учебната 1935/36 година отворена е виша самоуправна гимназија во Куманово, а неполните гимназии во Охрид и Штип претворени се во полни.Истата година одново се отворени неполни гимназии во Струмица и Крива Паланка, а во 1937/38 година и во Кавадарци. Ваква бројна состојба на полните и неполните гимназии останала до 1941 година.

Сосема мал бил бројот и на стручните училишта. Во Вардарска Македонија, на пример, од 1918 до 1929 година работеле само две нижи трговски (Скопје и Битола) и две нижи земјоделски училишта (Битола и Тетово). Во 30-те години нижи трговски училишта (за трговски помошници) имало во Куманово, Штип, Велес и Охрид. Во учебната 1925/26 година Трговското училиште во Скопје, а во 1928/29 година и Трговското училиште во Битола прераснало во полно четиригодишно Средно трговско училиште (Трговска академија). Пред Втората светска војна во Скопје било отворено и Средно техничко училиште, со градежна насока. Но освен овие постоеле и неколку нижи женски занаетчиски и работнички училишта. За цело ова време работела една единствена учителска школа во Скопје. Во Егејска и Пиринска Македонија речиси и не постоеле стручни училишта.

Буржоаските училишни системи по својот карактер биле такви, што не одговарале на националните и културните потреби на македонскиот народ, туку на тесните класни интереси на владеачките кругови. Последица од ненародната просветна политика во Вардарска Македонија била таква, што бројот на неписмените над 12-годишна возраст во 1934—36 година изнесувал 367.440, а бројот на неписмените воопшто 629.336, односно 75% проценти од вкупното население. Процентот на неписмените бил значително повисок меѓу селското население, особено меѓу албанската и турската народност.

Денационализаторската просветна политика, спроведувана од владеачките кругови на буржоаските балкански држави во трите дела на Македонија меѓу двете светски војни не дала позитивни резултати. Постојаниот отпор против насилната асимилација, за зачувување на својот јазик, обичаи и традиции, македонскиот народ го манифестирал низ најразлични форми и начини. Но најорганизиран вид овој отпор имал во Вардарска Македонија, постојано поттикнуван од КПЈ — единствена балканска Комунистичка партија која имала правилен марксистичко-револуционерен став за решавањето на националното прашање на македонскиот народ, за неговата национална и социјална слобода.

По пропаѓањето на стара Југославија 1941 година, во училиштата на територијата на Македонија окупирана од Бугарија одново бил воведен бугарскиот јазик. Српските учители и професори биле протерани, а на нивно место доведени бугарски учители и професори. Затечените учители и професори од македонската националност морале да поминат низ специјален двомесечен курс, организиран за нив во Софија 1941 година, за да

го усвојат бугарскиот јазик и да се запознаат со бугарската национална историја. Потоа биле распоредени на учителски и професорски места во училиштата во Бугарија. Уште во учебната 1941/42 година биле отворени различни видови училишта: 800 основни училишта, 160 прогимназии, 10 гимназии и 7 неполни гимназии. Во Скопје биле отворени две машки и една женска гимназија, а по една смесена во Битола, Охрид, Велес, Куманово, Прилеп, Струмица и Штип. Неполни гимназии имало во Берово, Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Кратово, Радовиш и Ресен.[91]) Освен овие, биле отворени нижи и средни стручни училишта, а и голем број предучилишни установи. Преку широката мрежа на училишта и други просветно-културни установи, во својата политика спрема Македонија бугарската влада имала една единствена цел: денационализирање и асимилирање на македонскиот народ. Отпор против големобугарската просветно-културна пропаганда македонскиот народ пројави уште во првите денови на окупацијата. Низ најразлични форми — протести, демонстрации, штрајкови и др., во отпорот активно учествуваше напредната скоевска и комунистичка средношколска, студентска и работничка младина, како и напредната македонска интелигенција. Познати се штрајковите поради изведувањето на наставата на бугарски јазик, против носењето униформи и високата школарина од страна на учениците на скопската, кумановската, битолската, прилепската, велешката и др. гимназии. Организиран од Комунистичката партија и СКОЈ против бугарската денационализаторска политика, отпорот на македонскиот народ доби широки размери и достигна свој највисок израз со стапувањето на напредната македонска младина во НОБ, за ослободување на својата татковина од фашистичката окупација .

*

* *

Со поделбата на националната територија на Македонија меѓу соседните буржоаски земји — Грција, Србија и Бугарија беше разбиено етничкото единство на македонскиот народ. Тој во еден подолг период беше изложен на влијанијата на пропагандите на овие земји. Но ниедна од нив не успеа подлабоко да го зафати неговиот просветно-културен и национален живот.[92])

---

[91]. Д-р Растислав Терзиоски, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија. Скопје 1974, 29—30.

[92]. Бл. Конески, Граматика I, стр. 25—26.

Идеите што беа се зародиле во времето на преродбата за создавање на свое народно училиште, со настава на македонски јазик, конечно триумфираа, но во поинакви историски околности, во условите на слободен национален и прсветно-културен живот на македонскиот народ во заедница со другите братски народи и народности на СФРЈ Југославија.

Risto Kantardziev

# THE STRUGGLE OF MACEDONIAN PEOPLE FOR THEIR OWN SCHOOLS AND EDUCATION


(Summary)

During the struggle for survival, the Macedonian people attempted to establish and to organise their own cultural, educational and national institutions. This was particulary evident from the '30s to tke '70s of the '19th Centary, when there emerged auspicious socioeconomic conditions for their spiritual and national revival.

From the middle of 19th Century there appeared a movement in Macedonia for educational, cultural and national emancipation from Hellenisation. The adherents of the idea for the struggle against Greek schooling, Greek language and education, were the Macedonian leaders of the revival Yordan Hadzi Konstantinov-Dzinot, Dimitrija Miladinov, Ra'ko Zhinzifov, Partenija Zografski, Kuzman Shapkarev, Grigor Prlichev, Dimitar Makedonski and others. They developed a many-sided activity for the education and the national awakening of the Macedonian people by opening schools in the Macedonian language. In 1837 a school was opened in Veles, in 1840 in Shtip, in 1848 in Skopje, in 1852 in Kumanovo, in 1854 in Tetovo, and by the end of the '50s in Struga, Gorna Dzumaia, Kukush, Bansko, Prilep and in Ohrid. In the '60s and in the 70s Macedonian schools were opened in Nevrokop, Kriva Palanka, Negotino, Bitola, Solun, Debar, Resen, Radovish, Pehchevo, Razlog, Krushevo, Ohrid, Voden, Kichevo, Gostivar, Kochani, Strumica, Dojran, Kratovo, Serez, Petrich, Melnik etc. By 1875 in Macedonia there were about 45 town and 118 village chools.

Parallel to the development of elementary schools, in Macedonia, there emerged from the middle of the 19th Century, Junior High schools. The first Junior High school was opened in Veles in 1857. This was followed by schools opening in Shtip — 1861, Kukush — 1865, Prilep — 1866. Besides these, two pedagogical schools were set up in Shtip — 1869 and in Prilep — 1874.

From the 1870s the schooling situation in Macedonia was worsened due to the weakening of the economic position of the

Macedonian burgeoisie. At the same time the propaganda of the neighbouring bourgeois countries, Greece, Serbia and Bulgaria, was strenghtened by their opening of language schools in their related languages in order to disestablish the shools and assimilate the Macedonian people. The number of their schools by the beginning of the Balкan War (1912) was continually increasing. Thus, in 1904 there were 1.375 Greek schools in Macedonia; in 1911/12 1132 Bulgarian elementary and Junior High schools and in 1906/1907 303 Serbian schools. Besides elementary and Junior High schools, these propagandists set up High schools and other secondary schools in Macedonia.

After the Balкan Wars and during the period betwenn the two World Wars, Serbia, Greece and Bulgaria developed a systematic activity for the assimilation of the Macedonian people. Each of these countries, opened schools in their related languages on the parts ol the national territory of Macedonia acquisited by them. The usage of the Macedonian language in schools and public life was forbidden.

In the middle of the 19th Century, the Macedonian people resisted the foreign propaganda in Macedonia in orderto preserve its own language, culture and national identity. This resistence culminated in the struggle against the Constantinople patriarchy and the Greek schools as well as against the Bulgarian propaganda, whieh in the '60s and the '70s was intensified in Macedonia. At the end of the 19th Century and the beginning of the 20th Century, the resistance against the denationalising educational policy of the Exarcate in Macedonia, developed into a whole Movement led by the revolutionary Macedonian teachers. This Movement played a signigicant role in the struggle for an independent educational, cultural and national development of the Macedonian people.

The continuos resistance of the Macedonian people against the assimilation and for the preservance of its national individuality, was manifested in various forms and ways. The resistance was highly organised in the Vardar part of Macedonia with the support of the Communist Party of Yugoslavia which followed the right Marxist-revolutionary attitude in solving the national question of the Macedonian people.

The resistance of the Macedonian people against the Bulgarian chauvinist educational and cultural policy during the Warkd War II, was organised from the very beginning of the occupation. The progressive, communist youth (high school pupils, university students and workers) as well as the progressive intelligencia actively perticipated in the resistance by means of protests, demonstrations, strikes etc. Organised by the Communist party of Yugoslavia and the League of the Communist Youth of Yugoslavia,

the resistance of the Macedonian people against the denationalising policy of Bulgaria culminated in the participation of the progressive. Macedonian youth in the People's War of Liberation for the liberation of their country from the fascist occupation.

Although the Macedonian people was for a long period exposed to the influence of the propagandas of the three bourgeouis countries, Greece, Serbia and Bulgaria, yet not one of them succeeded in penetrating deeply into its educational, cultural or national life. The ideas which had been born at the time of the Revival for setting up local schools with classes in Macedonian language were finally realised but in different historical curcumstances, in conditions of a free national, educational and cultural life for the Macedonian people in the community of the other frathernal nationa and nationalities in the Socialist Federative Republic of Yugoslavia.